Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 67, 1 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област теорија на новинарство и системи на информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на помлади асистенти за научната област технологија на конфекција на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за скриптата „Физичка хемија“ од авторот доц. д-р Димко Димески, Технолошко-технички факултет ........ 25

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАДИ АСИСТЕНТИ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНОЛОГИЈА НА КОНФЕКЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2802-67/13 од 6 септември 2011 год., донесена на 37. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 6 септември 2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца соработници, помлади асистенти од научната област технологија на конфекција ***на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм"*** на 18 август 2011 година и во предвидениот рок се пријавиле кандидатите:

– Силвана Крстева - магистер на технички науки од областа менаџмент на конфекциски процеси;
– Сашка Голомеова - магистер на технички науки од областа менаџмент на конфекциски процеси;

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Кандидатката м-р Силвана Крстева е родена на** 17 септември 1981 година во Штип, Р. Македонија, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката Конфекциско инженерство во 2005 год., со средна оценка на успехот 9,24, а магистрира во 2011 год., исто на Технолошко-металуршкиот факултет – насока Менаџмент на конфекциски процеси, на тема со наслов „Оптимизација на технолошкиот процес на кроење за ефикасно искористување на материјалите“ и се стакнува со стручен степен магистер на технички науки *од областа – менаџмент на конфекциски процеси*.

***Работно искуство***

Во 2006 година се вработува како шеф на производство во конфекциското претпријатие ДПТУ „В.И.Т“ дооел – Штип, каде што учествува во организирањето и следењето на производството и контролата на квалитетот на произведените конфекциски единици.

Од 2008 година - до денес работи како лаборант на Технолошко - техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, одговорно ги извршува задолженијата и помага при техничкото изведување на вежбите.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:***

1. Сања Спасова, Сашка Голомеова, Силвана Крстева, Линиска контрола во процесот на шиење на женски пантолони, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 165-169; (2 поени)
2. Силвана Крстева, Сашка Голомеова, Сања Спасова, Распоред на машинскиот парк во линија за монтажа на џинс, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 157-161; (2 поени)
3. Сашка Голомеова, Сања Спасова, Силвана Крстева, Прилагодување на производната линија при воведување на нов модел на женска кошула, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 161-165; (2 поени)

4. С. Крстева, Г. Дембоски, „Проектирање на линија за монтажа на џинс“, Шести конгрес по чиста и применета хемија, Технолошко - металуршки факултет, Скопје, 2005 (О-24); (1 поен)
5. Винета Сребренкоска, Гордана Богоева Гацева, Силвана Крстева, Димко Димески, „Ecological aspects of sustainable polymer composite materials: the potential of reuse and pecycling“ XII YUCORR 2010, (PS-19);(2 поени)
6. Силвана Крстева, Винета Сребренкоска и Горан Дембоски, „Apply of textile waste for production of composite materials“, XIII YUCORR 2011, (PS-28);(2 поени)
7. З.Здравев, Г.Димов и С. Крстева, „E-learning in Higher Education implemented by E-learning Center“ Bitola, Macedonia: CIIT 2011, (стр. 163 - 166).(1 поен)

***Учество во проекти***

Соработник во европскиот тригодишен Темпус проект „Creation of university-enterprise coorporation networks for education on sustainable technologies“ („Креирање на мрежи за соработка помеѓу универзитетите и компаниите за едукација за одржливи технологии“), финансиран од Европската унија. Времетраење на проектот: 2010 - 2013 год. (8 поени).

Познавање на странски јазици: англиски - добро, српски - добро.

Студиски престој во странство обука во Германија - Institute for Applied Material Flow Management, Environmental Campus Birkenfeld, University of Applied Sciences Trier, Germany (8 поени).

Доставени документи: диплома за магистер на технички науки, уверение за државјанство, уверение за познавање на англиски јазик, копија од објавени трудови во зборник на трудови, добиени сертификати и кратка професионална биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Сашка Голомеова е родена на 20 декември 1983 година во Штип, Р. Македонија, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката Конфекциско инженерство во 2008 год., со средна оценка на успехот 8,07, а магистрира во 2011 год. исто на Технолошко-металуршкиот факултет на насоката Менаџмент на конфекциски процеси, на тема „Селекција на добавувач и квалитет на помошни материјали во конфекциско производство*“ и се стакнува со стручен степен магистер на технички науки од областа – менаџмент на конфекциски процеси*

***Работно искуство***

Во 2006 година се вработува како шеф на производство во конфекциското претпријатие ДПТУ „В.И.Т“ дооел – Штип, каде што учествува во организирањето и следењето на производството и контролата на квалитетот на произведените конфекциски единици.

Од 2008 година - до денес работи како лаборант на Технолошко - техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, одговорно ги извршува задолженијата и помага при техничкото изведување на вежбите.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир:***

1. Сања Спасова, Сашка Голомеова, Силвана Крстева, Линиска контрола во процесот на шиење на женски пантолони, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 165-169; (2 поени)
2. Силвана Крстева, Сашка Голомеова, Сања Спасова, Распоред на машинскиот парк во линија за монтажа на џинс, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 157-161; (2 поени)
3. Сашка Голомеова, Сања Спасова, Силвана Крстева, Прилагодување на производната линија при воведување на нов модел на женска кошула, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 161-165; (2 поени)

4. С. Голомеова, Г. Дембоски „Линија за монтажа на облека за производство на група модели“, VIII Конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија (со меѓународно учество), Скопје, 2009; (1 поен)

***Учество во проекти***

Соработник во европскиот тригодишен Темпус проект „Creation of university-enterprise coorporation networks for education on sustainable technologies“ („Креирање на мрежи за соработка помеѓу универзитетите и компаниите за едукација за одржливи технологии“), финансиран од Европската унија. Времетраење на проектот: 2010 - 2013 год. (8 поени).

Познавање на странски јазици: англиски - добро, српски - добро.

Студиски престој во странство: обука во Белгија - Katholieke Hogeschool  Sint-Lieven Gent, Belgium (8 поени).

Доставени документи: диплома за магистер на технички науки, уверение за државјанство, уверение за познавање на англиски јазик, копија од објавени трудови во зборник на трудови, сертификати и кратка професионална биографија.

**П Р И Л О Г**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Силвана Крстева, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Научноистражувачка (НИ) **и** стручно-уметничка (СУ) | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (**0** во земјата/ **3** во странство) | 2/5 | 1/2 | **12** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учество на научен собир, концерт во земјава и во странство<br>Учество во модна ревија | | | |
| Студиски престој во странство<br>Обука во Германија | **1** | **8** | **8** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учесник во научен проект (0 во земјата/1 во странство) | 1 | 5/8 | **8** |
| Стручни награди и признанија (Сертификат за посетуваните обуки) | 4 | 4 | **16** |
| **ВКУПНО** | **48** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- научноистажувачка (НИ) и Стручно-уметничка (СУ) = 24
- стручно-апликативни и организационо-развојно (САОР) = 24
- вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **48** поени)

**П Р И Л О Г**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Сашка Голомеова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Научноистражувачка (НИ) **и** стручно-уметничка (СУ) | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (**0** во земјава/ **3** во странство) | 1/3 | 1/2 | **7** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учество на научен собир, концерт во земјава и во странство<br>Учество во модна ревија | | | |
| Студиски престој во странство<br>Обука во Белгија | **1** | **8** | **8** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учесник во научен проект (0 во земјава/1 во странство) | 1 | 5/8 | **8** |
| Стручни награди и признанија (Сертификат за посетуваните обуки) | 1 | 4 | **4** |
| **ВКУПНО** | **31** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- научноистажувачка (НИ) и Стручно-уметничка (СУ) = 19
- стручно-апликативни и организационо-развојно (САОР) = 12
- вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **31** поени)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 129 (помлад асистент) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог.

Врз основа на работната биографија, искуството стекнато во наставната и научноистражувачката работа, како и целокупната активност која е поврзана со научната област технологија на конфекција, кандидатите м-р Силвана Крстева и м-р Сашка Голомеова го исполнуваат условот за избор во звање помлад асистент од наведената научна област, бидејќи покажуваат способност за научноистражувачка (НИ), стручно-уметничка и организациско-развојна (СА+ОР) активност, што се констатира од нивните објавени стручни трудови и учеството на научни конференции.

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатките м-р Силвана Крстева и м-р Сашка Голомеова да бидат избрани во помлади асистенти од научната област технологија на конфекција.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Горан Дембоски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Соња Ќортошева, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Винета Сребренкоска, доцент, с.р.**